Бр. 12-426/3
16-03-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот - Планинарски спортски клуб (ПСК) „-----------", на 28-та седница одржана на ден 29.02.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3822 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3822/1 од 09.08.2019 година, доставена од подносителот Планинарски спортски клуб (ПСК) „----------- ", **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3822 од 2019 година година.

Предметот со број 12-3822 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3822 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3822/1 од 09.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот Планинарски спортски клуб (ПСК) „----------- ".

Во пријавата се содржани наводи против Градоначалникот на Општина ---------- и други политички структури, за загрозување на уставно загарантираните права на сопственост на ПСК „----------- " со опструирање на неговата санација и со обиди за незаконско присвојување/преземање на сопственоста на планинарскиот дом „----------- ", а кој бил во приватна сопственост на планинарскиот клуб – здружение на граѓани од 2016 година.

По заклучок на ДКСК, а од причини што се работи за идентични пријави и за предмети кои се однесуваат на ист институционален случај и иста фактичка состојба кон предметот, кон предметот со број 12-3822 од 2019 година споен е и предметот заведен во Архивата на ДКСК под бр. 12-3717 од 2019 година, оформен врз основа на пријава бр. 12-3717/1 од 29.07.2019 година, доставена од истиот подносител на пријавата ПСК „---------------------- " и со која се укажува на коруптивни активности од службени лица во општина -----------од аспект на незаконско стекнување на сопственост на планинарскиот дом „----------- " и повреда на уставно загарантираните права на сопственост на ПСК „----------- ".

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба,


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

достави барање до Градоначалникот на Општина -----------, за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

По барањето на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај констатирано е следното:

- во предметните наоди се наведува дека ПСК „----------- " бил под постојан притисок од страна на политичките структури кои барале отстапување на сопственоста на планинарскиот дом „----------- " и се вршело опструкција за неговата санација;

- од страна на сегашната локална власт односно, од страна на Градоначалникот на Општина -----------, биле направени обиди за преземање на сопственоста над планинарскиот дом и во м. јуни 2019 година било донесено Решение за прогласување на делумна ништовност на претходно Решение за утврдување на статус на бесправно изграден објект, кое било донесено во м. декември 2015 година, а со кое Решение, Градоначалникот го оспорувал правото на сопственост на ПСК „----------- " врз планинарскиот дом „----------- " и истиот бил впишан како имот на државата, иако никогаш, никој во име на државата тоа не го побарал;

- планинарскиот дом „----------- " бил во сопственост на ПСК „----------- " и истиот почнал да се гради во 1936 година по иницијатива на планинарското друштво ----------- чиј правен наследник бил ПСК „-----------". Домот бил целосно уништен по катастрофален пожар во 2013 година, а ПСК „-----------" започнал самостојно со санација на планинарскиот дом, со помош на донации од фирми и поединци. Воедно тие изработиле и проект со кој сакале да конкурираат во Општината за гранд од 100.000 долари при УНДП, но Градоначалникот одбил да стави потпис на проектот поради неприфатениот услов да локалната власт биде формален партнер во истиот. Во м. јануари 2018 година во јавноста било обелоденето дека услов за помош од страна на Општина ----------- бил ПСК „-----------" да ја отстапи сопственоста на „----------- " и дека единствен виновник за не финансирање на обновата на домот бил ПСК „----------- ", кој не сакал да ја отстапи сопственоста на домот.

- од страна на ПСК „-----------", била вложена жалба по однос на погоре наведеното Решение за делумна ништовност, по која се чекало правна разврска;

- во Општината, по барање на здружението ПСК „----------- ", бил оформен предмет за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти доставено во 2011 година, а во кој Општината донела Решение кое станало правосилно во м. декември 2015 година и во кое како носител на правото на сопственост на предметниот објект бил утврден наведеното здружение;

- по службена должност, од страна на општината, бил направен повторен увид во предметот при што било констатирано дека во постапката за утврдување на правен статус на предметниот објект неправилно била утврдена фактичка состојба, односно дека имотот бил во државна сопственост и дека здружението не можело да се јави во својство на подносител на предметното барање, а како правен наследник на планинарското друштво

како општествено здружение можел да го користи овој имот во државна сопственост под закуп согласно закон;

- врз основа на констатирана состојба од страна на општината, во м. јуни 2019 година, било донесено решение со кое со кое делумно се огласува за ништовно донесеното решение за утврдување на правен статус, а од страна на здружението ПСК „-----------" било обжалено вака донесеното решение и по нивната жалба постапило Министерството за транспорт и врски и во септември 2019 година се донело решение со кое им се уважува нивната жалба, решението на Градоначалникот се поништува и предметот се враќа на повторна постапка, со образложение дека во конкретниот случај првостепениот орган погрешно на правилата на управната постапка и одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, го огласил делумно за ништовен управниот акт, а и извршил промена на носител на правото на сопственост на објектот врз основа на поднесени докази. Првостепениот орган постапил по укажувањата и во повторената постапка донел управен акт – решение согласно предвидените одредби во Законот, кое повторно било обжалено од Здружението на 20.01.2020 година но, сега жалбата им била одбиена како неоснована;

- постапката по овој предмет била се уште во тек, од причини што здружението ПСК „-----------" може да поднесе и тужба до Управниот суд, а се додека решението на Општината донесено во повторената постапка да стане правосилно, сопственоста на предметниот објект ќе се водела на имотен лист на име на здружението ПСК „----------- "-----------, а по правосилноста на наведеното решение ќе се поднело барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување на истото.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај во тек е постапка пред други надлежни органи, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 426/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска, Член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk